**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-553/4**
**Скопје, 19.09.2005 година**

**ДО**

**ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија за 2004 година, кои се прикажани на страните од 1 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија за 2002 година, додека за 2003 година, како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Бранко Црвенковски - Претседател на Влада од 19.11.2003 до 07.06.2004;
- Миле Зечевиќ - Генерален секретар на Владата на РМ од 19.11.2003 до 07.06.2004;
- Хари Костов - Претседател на Влада од 07.06.2004 до 23.12.2004;
- Мери Младеновска-Ѓорѓиовска - Генерален секретар на Владата на РМ од 07.06.2004 до 23.12.2004;
- Владо Бучковски - Претседател на Влада од од 23.12.2004 година до 31.12.2004 година;
- Снежана Станковиќ - Генерален секретар на Владата на РМ од 23.12.2004 година до 31.12.2004 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.04 до 04.05.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
- Светлана Кумова - Самостоен ревизор;
- Билјана Стојановска - Ревизор;
- Александар Ѓорѓиевски - Ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 10.1. Неправилна примена на акти

10.1.1. Извршени се исплати на месечни паушали на бирани и именувани лица без одлука на надлежен орган. Исплатата на надоместот на платите на бирани и именувани лица во форма на месечен паушален надоместок во вкупен износ од 4,970 илјади денари во 2004 година е извршена врз основа на Одлука за утврдување надомест на платите за определени функции, донесена од Комисијата за кадровски прашања при Владата на Република Македонија во 1999 година. Оваа комисија не е надлежна за носење таква одлука. Месечен надомест во паушален износ на фукционерите кои ги именува Собранието на Република Македонија, со општ акт може да определи надлежно тело на Собранието на РМ, а за раководните работници кои ги именува Владата на Република Македонија, надлежно тело на Владата.

**Забелешка:** Исплата на месечни паушали на бирани и именувани лица без одлука на надлежен орган е утврдено од страна на Државниот завод за ревизија и при ревизијата на финансиските извештаи за 2002 година. Оваа Одлука е укината во 2005 година.

10.1.2. Решението за видот и обемот на угостителски услуги кои за службени потреби (репрезентација), бесплатно ги користат именованите лица и одделни раководни државни службеници во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија од 31.12.2003 година, не го дефинира во целост трошењето на средства за оваа намена, така што предизвикува неекономично трошење на средства. Имено, со ревизијата е констатирано:

- Исплатени трошоци за храна на вработените во Владата на Република Македонија во голем износ. Од тестираните фактури од Службата за општи и заеднички работи во текот на март и април 2004 година, за храна и пијалоци се платени 988 илјади денари, што претставува 10% од вкупниот фактуриран износ од Службата за општи и заеднички работи во цела 2004 година.
- Во 2004 година репрезентација користат лица коишто не се на листата на лица кои имаат право на репрезентација и кој е прилог кон Решението за видот и обемот на угостителски услуги за службени потреби (репрезентација).
- Во Решението не е регулирано надоместувањето на трошоци за храна и пијалок за обезбедувањето, а се платени фактури по овој основ. Во март и април 2004 година за храна и пијалок на обезбедувањето се платени расходи во износ од 325 илјади денари.

**Препорака:**
Генералниот секретар на Владата на Република Македонија да го ажурира постојното или да донесе ново Решение за репрезентација со што ќе се регулира:

- Воспоставување систем за спроведување на Решението, дефинирање на лицата коишто имаат право да користат репрезентација и во кој износ, а за потрошениот износ над лимитираниот од поединци, да се обезбеди надоместување од нивните плати.
- Точно да се дефинира во кој случај од буџетот се надоместуваат трошоци за храна како репрезентација, со оглед на фактот што на сите вработени во Владата, согласно Законот за извршување на буџетот на Република Македонија им се исплатува надоместок за исхрана.
- Да се регулира надоместокот за храна на обезбедувањето (во кои услови следува надоместок и во која висина) бидејќи и на обезбедувањето се исплатува месечен надоместок за исхрана.

10.1.3. Со ревизијата е констатирано дека не е донесен акт за ангажирање на лица по договор за дело, така што не е регулирано утврдувањето на потребата за дополнително ангажирање на лица, надлежноста за утврдување на потреба, постапката за прием, утврдување на месечниот надомест, потврдата на извршувањето на договорената работа. Во 2004 година за договор за дело, вклучувајќи го и персоналниот данок се исплатени 5.940 илјади денари. Според објаснувањето, ангажирањето на лица со договор за дело се должи на фактот што не е добиена согласност за редовно вработување и покрај зголемениот обем на работа.

**Препорака:**
Генералниот секретар или лице овластено од него да донесе акт за регулирање на овие прашања доколку со законски пропис не се регулира овој облик на вработување.

10.1.4. Не е донесена Одлука за благајнички максимум за девизната благајна, согласно одредбите од Законот за платен промет.

**Препорака:**
Генералниот секретар или лице овластено од него да донесе Одлука за благајнички максимум за девизната благајна.

### 10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. При давањето аванс во текот на годината книговодствено не се задолжуваат вработените, ниту е евидентиран излез на средства од благајната (дадените аванси не се евидентираат книговодствено), иако средствата се издадени од благајната. Поради ова, состојбата на паричните средства во текот на годината не соодветствува со состојбата на денарската и девизната благајна. На овој начин не постои книговодствена евиденција на фактичките побарувања за дадени аванси во текот на годината, кои треба во законски рок да бидат наплатени, со што се овозможува времено финансирање на дел од вработените.

**Препорака:**
Секторот за управно-стручни и кадровски работи-Одделение за кадровско административно технички и сметководствени работи да изготви интерен акт за постапката на исплатата и враќање на дадените аванси, нивното евидентирање, да го следи нивното враќање во законскиот рок и да предлага и презема мерки во случај на ненавремено враќање на авансите. Доколку одговорното лице не ги преземе сите неопходни мерки за враќање на авансите, против него да се поведе постапка.

### 10.3. Неправилности во искажувањето на расходите

10.3.1. Од страна на ревизијата е констатирано дека позицијата Други расходи за транспорт е преценета за 50 илјади денари, бидејќи се вршени исплати за гориво за користење на сопствено возило во висина над дозволениот надоместок на трошоците за одвоен живот, спротивно на Законот за извршување на буџетот во Република Македонија за 2004 година.

**Препорака:**
Надоместоците на сите вработени во Владата на Република Македонија да се исплатуваат во согласност со Законот за извршување на буџетот за тековната година.

10.3.2. При плаќање со Мастер и Дајнерс картица, во 16 случаи, за вредност од 548 илјади денари, не е можно да се утврди за кого, односно за што е платено, од причина што за направените трошоци не е презентирана соодветна документација. Во повеќето случаи платени се угостителски услуги, што е спротивно на Уредбата за службени патувања во странство.

**Препорака:**
Да се изготви акт за користење на картичката. По извршеното плаќање, овластените лица да достават спецификација за видот на направените расходи.
Со акт да се уреди плаќањето на угостителски услуги во странство (во кои случаи, кој има право и во колкав износ).

10.3.3. Извршени се набавки на предмети за репрезентација без соодветен акт. На ревизијата не и беше презентирана документација, односно Одлука за набавка на повеќе предмети, така што не беше можно да се утврди за кого и зошто се набавени уметнички дела и ЦД дискови, во вкупна вредност од 654 илјади денари.
При набавката на овие предмети не е спроведена постапка за јавна набавка.

**Препорака:**

За сите набавени предмети за репрезентација Генералниот секретар или лице овластено од него да донесе соодветен акт заради определување на намената за којашто се набавени.
При набавката на предмети за репрезентација, комисијата за јавни набавки да спроведе соодветна постапка.

11. Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 10.1. и 10.3. се повеќе направени расходи, односно повеќе потрошени буџетски средства во износ од 13,475 илјади денари.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.1. до 10.3, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Владата на Република Македонија на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.1. до 10.3, кај Владата на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на материјалните средства и државниот-јавен капитал во Билансот на состојбата за 258 илјади денари.

15. Во изминатите две години, Владата на Република Македонија:
- постапила по препораката на овластениот државен ревизор дадена во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија за 2002 година за почитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки, со одредени незначителни исклучоци,
- во однос на преиспитувањето на правниот основ на одлуките донесени во врска со исплатените надомести за избрани и именувани лица и ангажирање на вработени во Владата за извршување на работи по договор за дело, не е постапено.

**Скопје, 19.09. 2005**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 169,393 | 125,375 |
| **Вкупно приходи** | | **169,393** | **125,375** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1.1 | 62,271 | 57,620 |
| Стоки и други услуги | 3.2.1.2 | 74,102 | 67,755 |
| Тековни трансфери | 3.2.1.3 | 18,324 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **154,697** | **125,375** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.2.1 | 14,696 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **14,696** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **169,393** | **125,375** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 22 |
| Побарувања од вработените | 4.1.1.1. | 302 | 124 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1.2. | 8,437 | 9,043 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8,739** | **9,189** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.2.1. | 8,041 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **8,041** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **16,780** | **9,189** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1.1. | 2,293 | 4,603 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.1.2. | 6,446 | 4,586 |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **8,739** | **9,189** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 8,041 | 0 |
| **Државен-јавен капитал** | 4.2.2.1. | 8,041 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **8,041** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **16,780** | **9,189** |